**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА ТЕАТРОЛОГИЈА (ПРЕДМЕТ АКТЕРСКА ИГРА) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТЕАТАРСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за театарски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 14.04.2023 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник областа **Театрологија**, предмет **Актерска игра,** во сите наставно научни звања на Факултетот за театарски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања од областа **Театрологија**, предмет **Актерска игра**, објавен во весникот „Нова Македонија" од 29 март 2023 година, се пријави и поднесе документација кандидатот **м-р Васил Зафирчев.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Јордан Плевнеш,**
**Проф. Дејан Пројковски,**
**Вонреден професор Гоце Ристовски,**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за театарски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

Васил Зафирчев (1980, Велес) актер и режисер. Еден од најдобрите актери и водечки драмски уметници во Македонија. Дипломирал во 2002 година на Факултетот за драмски уметности во Скопје. Магистрирал театарска режија во 2022 година на Интернационалниот Универзитет „Еуропа Прима" во Скопје. Настапувал во повеќе театри во Македонија, како Македонскиот Народен Театар, Драмскиот Театар, театрите во Велес, Прилеп и Струмица и Македонската Опера и Балет. Имал и интернационални актерски настапи во Театарот „Ефемерид" во Руан, Франција, Театарот „Дариус Мило" во Париз, Франција и Истарскиот Народен Театар во Пула, Хрватска. Остварил повеќе од 100 улоги во театар, телевизија и на филм. Добитник е на сите престижни актерски награди во Македонија, меѓу кои и на највисокото актерско признание „Ристо Шишков", како и на повеќе меѓународни театарски награди. Носител е и на највисокото признание на Град Велес „9-ти Ноември", за афирмација на Велес во областа на културата и уметноста. Од 2004-2006 година е претседател на Здружението на драмски уметници на Р. Македонија-„Џинот". Од 2004-2010 е

уметнички директор на Калиопи Мјузик Продукција. Од 2006-2007 година е предавач по сценски движења и танци на Актерскиот факултет при Славјанскиот Универзитет во Битола. Од 2006-2007 година е предеавач по актерска игра во Средното балетско училиште „Илија Николовски-Луј“ во Скопје. Од 2006-2008 година е вработен како актер во Драмскиот Театар во Скопје. Од 2008-2017 година е уметнички директор на Интернационалниот фестивал на античка драма „Стоби“. Од 2009-2021 година е вработен како уметнички директор на Театарот „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“, Велес. Од 2015-2017 година е директор на поетската манифестација „Рацинови средби“. Денес Васил Зафирчев е драмски првенец на Театарот „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ во Велес.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **м-р Васил Зафирчев** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Насловен доцент** од областа **Театрологија**, предмет **Актерска игра,** на Факултетот за театарски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за театарски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Јордан Плевнеш**

_____________________________

**Проф. Дејан Пројковски**

________________________________

**Вонреден професор Гоце Ристовски**

________________________________

**Скопје, 28.04.2023**